РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Бр. _____________

_____________ 2021 година
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА СТИПЕНДИЈА

**за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од машинска струка во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 г.**

Склучен на ден _________ година помеѓу:

1. **МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА,** со седиште на ул. „Св.Кирил и Методиј" бр. 54, 1000 Скопје, претставувано од министерката МИЛА ЦАРОВСКА (во натамошниот текст: давател на стипендија) од една страна и

2. ________________________________________________ од __________________,
(име, татково име и презиме)

со адреса на живеење на ул. „________________________________________________________“ бр._______, со ЕМБГ _________________________, ученик во __________ година во „_______________________________________________“ - ___________ во учебната 2021/2022 година
(назив на средното училиште)

(во натамошниот текст: корисник на стипендија).

**Член 1**

Предмет на овој договор е обезбедување и користење на стипендија за ученици од средното образование кои реализираат наставни програми од машинска струка во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година, согласно „Конкурс за доделување 9 (девет) стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од машинска струка, односно машински сектор од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022“, бр.19-11167/2 од 26.07.2021 година (во натамошниот текст: Конкурсот), утврдување на износот на стипендијата и утврдување на правата и обврските на договорните страни.

**Член 2**

Давателот на стипендијата согласно Конкурсот од членот 1 на корисникот на стипендијата му обезбедува стипендија во месечен износ од 3.500,00 денари, за периодот додека трае наставната година се додека корисникот на стипендијата ги исполнува условите од членот 4 на овој Договор.

**Член 3**

Давателот на стипендијата се обврзува стипендијата од член 2 на овој договор да ја исплаќа на трансакциска сметка на корисникот на стипендијата.

**Член 4**

Корисникот на стипендија се обврзува:

1. Редовно да ја запишува наредната годината на образование, да **постигне континуиран *многу добар* успех** согласно Конкурсот и да го заврши средното образование во рокот предвиден со Законот за средното образование.
2. На почетокот на секоја учебна година, до давателот на стипендијата да достави потврда за запишана наредна година на школување и сведителство со остварен успех од претходната година, **најдоцна до 30 септември секоја година,** се до завршувањето на средното образование.
3. Во случај на промени чие настанување влијае врз условите за стекнување или користење на правото на стипендија, како што се: промена на училиштето, прекинување на понатамошно школување, добивање стипендија или кредит од друга установа или фирма, престој во странство, како и други промени, корисникот на стипендијата е должен за тоа да го извести давателот на стипендијата во рок од 15 дена од денот кога настанала промената, во спротивно давателот на стипендијата ќе изврши наплата на веќе исплатените стипендии.

4. На денот на потпишувањето на договорот да достави податоци за трансакциската сметка, од било која банка во Република Северна Македонија, на која давателот на стипендијата ќе врши исплата на средствата од член 2 на овој договор.

**Член 5**

Правото на користење на стипендија престанува доколку:

- корисникот не ги исполнува обврските од член 4 на овој Договор;
- не ја заврши годината на школување;
- не ја запише наредната година на школување и најдоцна до 30 септември не достави потврда за запишана наредна година на школување и свидетелство со остварен успех од претходната година;
- не го заврши школувањето во рокот предвиден со Законот за средното образование;
- ја заврши годината на школување со успех помал согласно предвидениот во Конкурсот;
- не ја достави трансакциската сметка на денот на потпишувањето на овој Договор;
- добие стипендија или кредит од друга установа или фирма за што е должен веднаш да го извести давателот на стипендијата.

**Член 6**

Во случај на спор, договорните страни се согласни истиот да го решава Основниот суд Скопје II Скопје.

**Член 7**

Овој договор е составен во три еднообразни примероци, од кои два за давателот на стипендијата и еден примерок за корисникот на стипендијата.

Договорот се смета за склучен откако ќе го потпишат договорните страни.

**ДАВАТЕЛ НА СТИПЕНДИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**МИНИСТЕРКА,**
**Мила Царовска**

**КОРИСНИК НА СТИПЕНДИЈА**

___________________________
(име и презиме)

___________________________
(име и презиме на старател)

Контакт тел: ______________________

Изготвил : Антонета Маневска
Контролирал : Филиз Незир Емин
Одобрил : Лидија Михајловска
Согласен : Анастасија Трајковска